РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3207/5
10.09.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 29. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 25.8.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски, м-р Гордана Мајнова .

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Магдалена Давидовска-Довлева, Ружица Бошњакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 29. седница на Советот. Седницата почна во 14:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од продолжението на 23. седница, одржана на 18.8.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од 28. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.8.2026 година.
3. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД Радио Антена 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Капитал медиа гроуп ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на печатениот медиум „Капитал", за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми.
5. Предлог за давање одобрување за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-2743/1 од 13.7.2026 година.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од продолжението на 23. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.8.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 28. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.8.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска-Довлева ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТРД Радио Антена 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје. Појасни дека Агенцијата доби известување за промена на сопственичка структура по спроведена оставинска постапка, според која законски наследник на уделот на еден од сопствениците, е физичкото лице Јелена Јовановска. Утврдено е дека Известувањето за промена на сопственичката структура од страна на ТРД Радио Антена 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичка структура. Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици на Централниот регистар, од каде се констатира дека Јелена Јовановска не е евидентирана како вистински сопственик на ниту еден правен субјект. Бидејќи со спроведувањето на промената на сопственичката структура на ТРД Радио Антена 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичка структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје Уп1 бр.02-216 од 31.7.2026 г., се предлага Советот на Агенцијата да донесе одлука за одобрување на промената.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за промена на сопственичката структура на ТРД Радио Антена 5 Петров, Јаневски и Гушев ДОО Скопје.

ТРД Радио Антена 5 Петров, Јаневски, и Гушев ДОО Скопје да ја спроведе промената на сопственичката структура во Централниот регистар на РСМ, во рок од 90 дена од денот на донесувањето на Одлуката. Доколку промената не се спроведе во наведениот рок, одлуката ќе се поништи.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлуката да ја објави на веб-страницата на Агенцијата.

Точка 4

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права м-р Магдалена Давидовска-Довлева образложи дека Трговското друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги Капитал Медиа Гроуп ДОО увоз-извоз Скопје во изданието на „Капитал“ бр. 1201 од 26 јуни 2026 година не ги објавило податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиумот, адресата на печатницата и датумот на печатење или препечатување со што го прекршило член 14 став 1 од ЗААВМУ. Предложи во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, да му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - опомена да го усогласи своето работење со член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, праша по истекот на колкав временски период од изрекувањето на опомената се врши контролен надзор.

Раководителката Давидовска-Довлева објасни дека Агенцијата постапува согласно со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка. Појасни дека за конкретниот прекршок е утврден рок од 20 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена, во кој субјектот треба да го усогласи своето работење со Законот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден административен надзор, бр.03-2690/1 од 7.7.2026 година и едногласно заклучи на Трговското друштво за новинско издавачка дејност, трговија, производство и услуги Капитал Медиа Гроуп ДОО увоз-извоз Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

Точка 5

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи предлогот за давање одобрување за изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-2743/1 од 13.7.2026 година. Предложи постапката за јавна набавка со предмет стока: „Мебел“ со проценета вредност од 423 000,00 без ДДВ да се избрише од Годишниот план за јавни набавки во 2026 година на АВМУ бидејќи не постои реална потреба за набавка на наведената стока во наведениот обем, со што наведените финансиски средства ќе се ослободат за задоволување на други потреби на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2026 година, бр.05-2743/1 од 13.7.2026 година, со текст како што беше предложен.

Со изменување/бришење на наведената постапка за јавна набавка ќе се изврши редоследно услогласување на набавките содржани во Годишниот план за јавни набавки во 2026 година.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата.

**Точка 6**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**